# ПРЕМИНУВАЊЕТО НА ТОВАРОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

*Анализа и препораки за унапредување на ефективноста на судската заштита од дискриминација*

документ за јавни политики

**Издавач:** Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" МАРГИНИ Скопје,
Мрежа за заштита од дискриминација

**Автор:** Гоце Коцевски

**Уреднички:** Билјана Котевска и Драгана Дрндаревска

**Лектура:** Виолета Танчева-Златева

**Графичко уредување и дизајн:** КОМА

**Печати:** Винсент графика

**Тираж:** 80

Скопје, март 2020

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73:347.94(497.7)(047.31)

342.72/.73:347.94(4-672ЕУ)(047.31)

КОЦЕВСКИ, Гоце

Преминувањето на товарот на докажување во судските постапки за заштита од дискриминација : анализа и препораки за унапредување на ефективноста на судската заштита од дискриминација : документ за јавни политики / Гоце Коцевски. - Скопје : Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, 2020. - 46 стр. : табели ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4803-15-7

а) Заштита од дискриминација - Товар на докажување - Парнична постапка -
Македонија - Истражувања б) Заштита од дискриминација - Товар на докажување - Парнична постапка - Европска унија - Истражувања

Коалиција МАРГИНИ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Проектот „ЗСЗД под лупа: Следење на спроведувањето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација" е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# ПРЕМИНУВАЊЕТО НА ТОВАРОТ НА ДОКАЖУВАЊЕ ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

*Анализа и препораки за унапредување на ефективноста на судската заштита од дискриминација*

*– документ за јавни политики –*

# Содржина


| | |
|---|---|
| 6 | Извршно резиме |
| 8 | Воведни забелешки |
| 10 | 1. Европското право и судската практика во однос на товарот на докажување во судски постапки за заштита од дискриминација |
| 16 | 2. Товарот на докажување во домашното право |
| 17 | 2.1. Товарот на докажување според ЗСЗД од 2019 година |
| 21 | 2.2. ЗСЗД како специјален vis a vis ЗПП како генерален закон |
| 24 | 3. Товарот на докажување во домашната судска практика |
| 30 | 4. Заклучоци |
| 34 | 5. Препораки |
| 38 | Анекс бр. 1: Истражувачки методи |
| 42 | Анекс бр. 2: Листа на анализирани домашни судски одлуки |
| 46 | Библиографија |

## Извршно резиме

Ефективна судска заштита од дискриминација во современите правни системи не може да се замисли без постоење на правилата за пренесување на товарот на докажување од лицето кое тврди дека е жртва на дискриминација кон лицето за кое се тврди дека дискриминира. Европските стандарди во однос на пренесувањето на товарот на докажување се воспоставени со судската практика на Судот на правдата на ЕУ (СПЕУ) и во помал дел на Европскиот суд за човековите права, а се кодифицирани во неколку директиви како општи правни акти. Со цел усогласување на домашното законодавство со овие стандарди, во 2019 година беше донесен нов Закон за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) со кој, меѓу другите работи, се измени одредбата со која се уредува товарот на докажување во постапките за судска заштита од дискриминација.

Овој документ придонесува за унапредување на ефективноста на судската заштита од дискриминација во земјава преку критичка анализа на правната рамка предвидена во новиот ЗСЗД, која го уредува докажувањето во постапките за заштита од дискриминација како и досегашната судска практика, а фокусирајќи се на товарот на докажување. Документот се заснова врз истражување кое за предмет го имаше товарот на докажување во постапките за судска заштита од дискриминација.

Заклучоците од спроведеното истражување се дека одредбата од член 37 од ЗСЗД од 2019 година, со која се уредува преминувањето на товарот на докажување, е целосно усогласена со европското право предвидено во директивите за заштита од дискриминација на ЕУ и е поповолна за тужителот. Сепак, текстот на оваа одредба се разликува од веќе постојните одредби со кои се уредува преминување на товарот на докажување во случаи на дискриминација во Законот за работни односи и Законот за еднакви можности на жените и мажите, што може да предизвика проблеми во практиката. Што се однесува за досегашната примената на правилото за пренесување на товарот на докажување, во практиката се забележува невоедначеност во постапувањето на судовите. Во повеќе од половина од анализираните судски одлуки судовите воопшто не се произнесуваат во однос на товарот на докажување, ниту пак го применуваат ова правило, што значително го отежнува пристапот до ефективна судска постапка за заштита од дискриминација. Причините за ваквото постапување можат да се идентификуваат во недоволната обука, како и слабата активност на повисоките судови во постигнување на воедначена примена на законите.

Надминување на идентификуваните проблеми е остварливо преку законски мерки, обуки и воедначување на судската пракса. Потребно е иницирање измени и дополнување во Законот за работни односи и Законот за еднакви можности на жените и мажите со цел воедначување на одредбите кои се однесуваат на товарот на докажување во овие закони со одредбата од чл. 37 ст. 1 од ЗСЗД. Неопходно е дополнување на програмата за почетна и постојана обука во Академијата за судии и јавни обвинители со судската пракса на СПЕУ во однос на товарот на докажување во постапките за заштита од дискриминација. Освен тоа, Врховниот суд на РСМ во рамките на своите надлежности согласно Законот за судови, потребно е да преземе соодветни мерки за воедначена примена на правилото за пренесување на товарот на докажување во судски постапки за заштита од дискриминација.

## Воведни забелешки

Дискриминацијата не се манифестира на отворен и лесно воочлив начин. Ретки се случаите во кои лицата отворено укажуваат дека различно постапуваат со одредени групи на лица поради некои од основите за заштита. Мотивот зад различниот третман најчесто постои само во свеста, т.е. во умот на сторителот, може да е последица на потсвесни вградени предрасуди или може воопшто да не постои намера. Ова придонесува за тешка докажливост на случаите на дискриминација, па е дел од причините за воведувањето на правилото за пренесување на товарот на докажување во овие случаи. Но примената на ова правило се соочува со значителни предизвици дури и меѓу државите членки на ЕУ кои го имаат воспоставено подолг временски период.[1] Причините за предизвиците лежат, пред сѐ, во тоа што самото правило претставува отстапување, исклучок од вообичаеното, општоприфатено и добро разработено правило во граѓанската постапка според кое секоја странка во постапката е должна да ги докаже фактите врз основа на кои го заснова своето барање. Пренесувањето на товарот на докажување е релативна новост која вообичаено е уредена со една одредба

1 Lilla Farkas and Orlagh O'Farrell. *Reversing the burden of proof: Practical dilemmas at the European and national level.* European Network of Legal Experts in the Non-discrimination field. European Commission - Directorate-General for Justice and Consumers. 2014. стр. 73–78.

која не може да одговори на сите дилеми што можат да се отворат во практичната примена на ова начело, како што се, на пример: Кога се пренесува товарот на докажување? Што претставува *prima facie* случај? Дали и какви докази се потребни за пренесување на товарот на докажување?

Во Република Северна Македонија (РСМ), по многубројните забелешки на текстот и примената[2] на Законот за спречување и заштита од дискриминација донесен во 2010 година,[3] во мај 2019 година Собранието донесе нов Закон за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД).[4] Новиот ЗСЗД воведе повеќе новини[5], меѓу кои и во однос на товарот на докажување, што е во фокус на овој текст. Имено, се измени одредбата што го уредува товарот на докажување, која од страна на повеќе експерти беше оценета како особено ригидна и го остава товарот на докажување „во значителна мера на тужителот".[6]

Овој документ има за цел да придонесе за унапредување на ефективноста на судската заштита од дискриминација во земјава преку критичка анализа на правната рамка и досегашната судска практика, а фокусирајќи се на товарот на докажување. Тој овозможува утврдување дали новината која ја донесе новиот ЗСЗД во однос на товарот на докажувањето бара усогласување со одредбите од Законот за парнична постапка (ЗПП) како општ закон кој ја уредува граѓанската постапка, како и со други закони. Преку преглед, анализа и споредба на европските и домашните право и практика, анализата дава оцена на досегашната примена на ова правило, идентификува проблеми и предизвици поврзани со неговата правилна примена и толкување и дава препораки за нивно адресирање. Документот ги изложува по тој распоред.

**2** Види во, на пример: Јадровски И., Јовановска К. Ј, Гелевска М., *Извештај за имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација 2011 – 2018.* Мрежа за заштита од дискриминација. Скопје, 2018; Цаца Н. М., Коцо В., Филипов С., *Анализа на недостатоците во Законот за спречување и заштита од дискриминација.* Институт за човекови права. Скопје, 2014.

**3** Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на РМ", бр. 50/10, 44/2014, 150/2015, 31/2016, 21/2018, У. суд бр. 82/2010.

**4** Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на РСМ", бр. 101/2019 (во понатамошниот текст ЗСЗД). **Забелешка: Уставниот суд на РСМ со решение бр. У. бр. 115/2019 од 28.01.2020 поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

**5** Види образложение кон *Предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација.*

**6** Supra note 1. стр. 60.

01

# Европското право и судската практика во однос на товарот на докажување во судски постапки за заштита од дискриминација

Пренесувањето на товарот на докажување како правило во постапките за дискриминација е развиено поради потребата од остварување на начелото на *„ефективност на правото на ЕУ"*[7] и превенирање или минимизирање на неможноста за остварување и заштита на правата предвидени со правото на ЕУ,[8] а се развило преку практиката на Судот на правдата на ЕУ (СПЕУ)[9] во предметите *Enderby*[10] *и Danfoss*[11], кои се однесуваат на дискриминација по основ на пол во однос на правото на еднаква плата за еднаква работа. Ако правото го постави целиот товар на докажување на дискриминација на тужителот, „сѐ што ќе треба тужениот да направи е само да изнесе 'приказна' која влева сомнеж во верзијата на настаните која ја дава тужителот"[12] и која ќе резултира со одбивање на тужбата. Во предметот *Enderby* СПЕУ наоѓа дека:

> *Тогаш кога постои prima facie случај за дискриминација, обврска на работодавецот е да покаже дека постојат објективни причини за разликата во платата. Работниците ќе бидат без можност да го спроведат начелото на еднаква плата за еднаква работа пред националните судови доколку при постоење докази за prima facie случај за дискриминација, товарот на докажување дека разликата во плата не е дискриминирачка не падне на работодавецот.*[13]

Подоцна оваа судска практика беше претворена во правен акт со донесувањето на Директивата 97/80/ЕЗ на Советот за товарот на докажување во случаи за дискриминација поради пол (15 декември 1997). Правилото за пренесување на товарот на докажување од оваа директива е пресликано во три од клучните директиви на ЕУ кои се однесуваат на дискриминација – Директивата за еднаков третман,[14] Директивата за расна еднаквост[15] и Рамковната директива за вработување[16].

---

**7** Paul Craig, Grainnne de Burca. EU Law – Text, Cases and Materials. 6th edition. Oxford University Press. p. 959.

**8** Supra note 5. стр. 14.

**9** Паралелно, ова правило го прифаќа и Европскиот суд за човековите права (ЕСЧП).

**10** Case C-127/92 Enderby v Frenchay Health Authority 1993 ECR I-05535.

**11** Case C-109/88 Danfoss [1989] ECR I-3199.

**12** Ellis, E. and Watson, P. (2012). EU Anti-Discrimination Law. Oxford: Oxford University Press, p.157.

**13** Supra note 8. пар. 18.

**14** Директива 2006/54/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за спроведување на начелото за еднакви можности и еднаков третман на мажите и на жените во прашањата од вработувањето и извршување некоја професија (последна консолидирана верзија) (5 јули 2006) – член 19 (1).

**15** Директива 2000/43/ЕЗ на Советот за спроведување на- начелото на еднаков третман на лицата без оглед на расното и етничкото потекло (29 јуни 2000) – член 8.

**16** Директива 2000/78/ЕЗ на Советот за воспоставување генерална рамка за еднаков третман при вработувањето и пристап до извршување некоја професија (27 ноември 2000) – член 10 (1).

Одредбата со која се воспоставува обврска за земјите членки на ЕУ да обезбедат пренесување на товарот на докажување во предмети кои се однесуваат за дискриминација е идентична во сите три директиви и гласи:

> *Земјите членки ги преземаат неопходните мерки, во согласност со нивните национални судски системи, за да осигурат дека, во случаи кога лица кои се сметаат за оштетени бидејќи на нив не се применувал принципот на еднаков третман,* ***претставуваат пред судот или друг надлежен орган факти од кои може да се претпостави дека се случила директна или индиректна дискриминација, обвинетиот треба да докаже дека немало прекршување на принципот на еднаков третман****.*[17]

Освен за постапка пред суд, оваа одредба се однесува и за пред други надлежни органи. Понатаму, директивите ја оставаат можноста државите да можат да воспостават правила за докажување кои се поповолни за тужителот. Пренесувањето на товарот на докажување не се однесува за предметите од кривичното право во кои државата го гони сторителот за кривично дело сторено од омраза. Видот и допуштеноста на доказите пред националните судски органи останува надлежност на државите и одредбите кои ги уредуваат можат да бидат построги од правилата што ги користат СПЕУ и ЕСЧП.[18] Особено значајно е да се истакне ставот 3 од одредбата, според кој земјите членки можат да не го применуваат правилото за преминување на товарот на докажувањето за постапки за кои фактите за случајот треба да ги истражува судот или друг надлежен орган во постапка која е заснована врз инквизиторското начело.

Независно што споменатите директиви се речиси целосно транспонирани во сите земји членки на ЕУ, постојат одредени предизвици кои се однесуваат на пренесувањето на товарот на докажување што создава проблеми при примената од страна на националните судови. Со цел воедначување на примената и на толкувањето, Судот на правдата на ЕУ има развиено одредена судска пракса во однос на ова правило која е презентирана подолу во текстот, а поделена во зависност од тоа дали се работи за директна или индиректна дискриминација.

**17** Член 19 став 1 од Директива за еднаков третман.

**18** Прирачник за европското право за недискриминација. Агенција за фундаментални права на ЕУ, 2010. Стр. 138.

## *Директна дискриминација*

Директна дискриминација, според директивите на ЕУ, постои кога едно лице, поради полот, е понеповолно третирано отколку што друго лице е, било или би било третирано во слична ситуација.[19] Клучните прашања кои се јавуваат во однос на пренесувањето на товарот на докажување е што се подразбира под поимот *„факти од кои може да се претпостави"* дека лицето претрпило директна дискриминација. Судската практика на СПЕУ нуди одреден опсег на околности со кои може да се воспостави *prima facie* случај. Според Beale[20], клучните околности за кои СПЕУ има развиена судска пракса се однесуваат на фактите кои се подобни да го префрлат товарот на докажување и стандардите за докажување.

*Преглед на клучните одлуки на СПЕУ кои се однесуваат на товарот на докажување според Beale[21]*

19 Член 2 од Директива за еднаков третман.

20 Anna Beale. Proving Discrminiation: The Shift of the Burden of Proof and Access to Evidence. 2018.

21 Ibid.

### а Кои факти се подобни да го префрлат товарот на докажување на тужениот

Овде е важно да се напомене дека сами по себе кои било од овие факти не може однапред да го пренесат товарот на докажување, туку е потребно да се анализира случајот во целост. СПЕУ ги идентификува следниве видови факти како подобни да го префрлат товарот на докажување:

- Давање дискриминирачки изјави и коментари искажани јавно (*Feryn*[22], *ACCEPT*[23], *CHEZ – Nikolova*[24]);
- Постоењето на различно постапување само по себе е недоволно за пренесување на товарот на докажување (*CHEZ – Nikolova*);
- Факти кои се однесуваат на постоење вистински или хипотетички компаратор (*Brunnhofer*[25], *Meister*[26]);
- Недоставувањето на одредени релевантни докази и документи на барање на тужителот, како и отсуство на издржано образложение (*Meister*, *CHEZ – Nikolova*).

22 Case C-54/07 Centrum voor gelijkheid van kansen en voor racismebestrijding v Firma Feryn NV.

23 Case C-81/12 Asociația Accept v Consiliul Național pentru Combaterea Discriminării.

24 C-83/14 CHEZ Razpredelenie Bulgaria AD v Komisia za zashtita ot diskriminatsia.

25 C-381/99 Brunnhofer v Bank der osterreichischen Postsparkasse AG [2001] ECR I-4961.

26 C-415/10 Meister v Speech Design Carrier Systems GmbH.

## б Кој е стандардот за докажување потребен за пренесување на товарот на спротивната страна

Текстот на одредбата од Директивите, што бара од тужителот да изнесе факти од кои „може да се претпостави" дека е сторена дискриминација, го наметнува прашањето кој стандард за докажување се бара. Сегашното стојалиште на СПЕУ е разработено во предметот *Belov*[27] на барање на националните судови за мислење во однос на прашањето дали воспоставените факти треба да упатуваат на заклучок дека постои дискриминација или едноставна претпоставка е доволна. Во мислењето на Општата застапничка Кокот е наведено дека со цел товарот на докажување да се пренесе, не е потребно ништо повеќе од „претпоставка" за дискриминација. Секое построго толкување би ја загрозило потребата од практична ефикасност и би значело дека самото правило би било непотребно.

**27** C-394/11 Belov v CHEZ Elektro Balgaria AG [2013] 2 CMLR 29; the CJEU later decided the case wasinadmissible, so made no ruling.

## *Индиректна дискриминација*

Индиректна дискриминација постои кога навидум неутрална одредба, критериум или практика (ОКП) би ставила лица од еден пол во определена понеповолна ситуација во однос на лица од другиот пол, освен ако таа одредба, критериум или практика е објективно заснована врз легитимна цел, и ако начините за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.[28] Тужителот треба да воспостави факти од кои може да се претпостави дека навидум неутрални ОКП ставаат во понеповолна положба врз дискриминаторска основа одредени лица или други лица во споредба со други лица. Особен предизвик е воспоставувањето претпоставка на **понеповолна положба. Факти кои можат да придонесат во оваа насока се** статистичките податоци кои укажуваат на понеповолна положба (Bilka-Kaufhaus[29], Seymour Smith[30]).

**28** Член 2 од т.н. Рекаст директива.

**29** C-170/84 Bilka-Kaufhaus GmbH v Weber von Hartz [1986] ECR 1607.

**30** C-167/97 R v Secretary of State for Employment ex parte Seymour Smith and Perez [1999] ECR I-623 35 Judgment, пар. 60.

## Факти кои не се релевантни за постоење на дискриминација

Низ судската пракса на СПЕУ се изведени неколку фактички прашања кои може да ги придружуваат случаите на дискриминација, меѓутоа тие не се релевантни за да се утврди дали се задоволени правните критериуми за дискриминација. Такви жалбени околности кои нема потреба да се докажуваат се:

- Мотивите и предрасудите на сторителот. Правото не може да ги регулира ставовите на поединците независно дали се „расистички" или „сексистички", но секако дека може да ги регулира и санкционира дејствијата преку кои се манифестираат тие ставови.[31]

- Намената на оспореното правило или практика. Нема потреба да се докажува дека одредено правило или практика се воспоставени со цел да произведат различен третман. Дури и целите да се алтруистички, ако практиката обесправува одредена група, тоа претставува дискриминација.[32]

- Нема потреба да се докажува постоење на жртва која може лесно да се идентификува.[33]

**31** C-54/07 Centrum voor gelijkheid van kansen en voor racismebestrijding v Firma Feryn NV [2008] ECR I-5187.

**32** D.H. and Others v. the Czech Republic [Голем судски совет] (бр. 57325/00).

**33** C-54/07 Centrum voor gelijkheid van kansen en voor racismebestrijding v Firma Feryn NV [2008] ECR I-5187.

02

# Товарот на докажување во домашното право

## 2.1. Товарот на докажување според ЗСЗД од 2019 година

Една од суштинските новини кои ги предвиде ЗСЗД во насока на зајакнување на ефикасноста на судската заштита од дискриминација претставува ревидирањето на одредбата која го уредува товарот на докажување во овие постапки.

*Табела бр. 1: Паралелен приказ на одредбата за товарот на докажување во ЗСЗД од 2010 и 2019 година*

| Член 38 од ЗСЗД од 2010 г. | Чл. 37 од ЗСЗД од 2019 г. |
|---|---|
| **Товар на докажување** | **Товар на докажување** |
| 1. Ако странката во судска постапка тврди дека согласно со одредбите на овој закон ѝ е повредено нејзиното право на еднакво постапување е должна да ги изнесе сите факти и докази кои го оправдуваат нејзиното тврдење. Докажувањето дека немало дискриминација паѓа на товар на спротивната странка.<br>2. Одредбата од ставот (1) на овој член не се применува во прекршочната и казнената постапка. | 1. Тужителот кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе фактите што го прават тврдењето веројатно и тогаш товарот на докажување преминува на тужениот да докаже дека не постои дискриминација.<br>2. Одредбата од ставот (1) на овој член, не се применува во прекршочната и казнената постапка. |

При толкувањето на оваа одредба се забележуваат неколку суштински елементи кои треба одделно да се анализираат и толкуваат. Тоа се: тужителот, неговата обврска да изнесе факти, моментот на преминување на товарот на докажување и обврската на тужениот.

## а. Тужителот

Во однос на тужителот, начинот на кој е уредена оваа одредба јасно предвидува дека обврската за пренесување на товарот на докажување не се однесува само во случаите кога тужител е лицето кое смета дека е жртва на дискриминација, туку и во случаите на тужба за заштита на јавен интерес (*actio popularis*)[34] каде како тужител може да се јави здружение, фондација итн. Употребата на формулацијата *„Тужителот кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација"* наместо претходното решение *„странката во судска постапка тврди дека согласно со одредбите на овој закон ѝ е повредено нејзиното право на еднакво постапување"* недвосмислено укажува на намерата на законодавецот да го олесни товарот на докажување во сите постапки за заштита од дискриминација, не само оние непосредно иницирани од жртвите.

**34** Предвидена во член 35 од ЗСЗД.

## б. Изнесување на факти

Според оваа одредба, обврската на тужителот се состои во тоа *„да ги изнесе фактите што го прават тврдењето веројатно"*. Во споредба со претходното решение според кое странката *„е должна да ги изнесе сите факти и докази кои го оправдуваат нејзиното тврдење"* несомнено се забележува пополволниот пристап за тужителот во новото решение. Според ЗСЗД од 2010 година странката имаше должност (товар) да ги изнесе сите факти и докази кои го оправдуваат нејзиното тврдење што, всушност, бара од странката да го докаже постоењето на дискриминацијата, додека од друга страна, со ЗСЗД од 2019 година, се бара само изнесување на факти.

Сепак, иако е полиберално, правилното толкување може да биде предизвик во практичната примена. Тужителот има обврска *„да ги изнесе фактите"* кои пак *„го прават тврдењето веројатно"*. Изнесувањето на фактите претставува процесно дејство кое се спроведува со тужбата, преку поднесок или на рочиште најдоцна до затворањето на подготвителното рочиште или првото рочиште за главна расправа доколку се работи за спор од мала вредност. Тоа вклучува наведување и опис на настани-

те, дејствијата, случките поради кои тужителот смета дека е сторена дискриминација. Фактите можат да се однесуваат на: заштитената карактеристика (дискриминаторската основа), дејствието (или пропуштањето) со кое е сторена дискриминацијата, како и претрпената последица која може да биде во форма на понеповолно постапување, ограничување пристап до права, штета и многу други форми.

Дилемата којашто може да се јави во пракса е дали самото изнесување, наведување на фактите без одредено докажување е доволно, или сепак е потребно одредени докази да бидат понудени од страна на тужителот. Според судската практика на ЕСЧП, „доколку фактите, онака како што ги презентира жалителот се сметаат за веродостојни и конзистентни со достапните докази, ЕСЧП ги прифаќа како веќе докажани, освен ако државата не понуди убедливо алтернативно објаснување."[35]

ЕСЧП ги прифаќа како факти тврдењата коишто:

*се поддржани со слободната процена на сите докази, вклучително и оние изведени заклучоци што може да потекнуваат од фактите и од претставките поднесени од страните во спорот... Доказот може да се изведе од истовременото постоење на доволно силни, јасни и усогласени изведени заклучоци или слични, непобиени претпоставки за факти. Освен тоа, потребниот степен на убедување за да се дојде до конкретен заклучок и, во таа насока, распределбата на товарот на докажување, се неразделно поврзани со специфичноста на фактите, природата на изнесените наводи и правото [според ЕКЧП] коешто наводно било повредено.*[36]

**35** Прирачник за европското право за недискриминација. Агенција за фундаментални права на ЕУ, 2010. стр. 137.

**36** ЕСЧП, Nachova and Others v. Bulgaria [Голем судски совет] (бр. 43577/98 и 43579/98), 6 јули 2005 г., параграф 147. Истото е потврдено во предметот: ЕСЧП, Timishev v. Russia (бр. 55762/00 и 55974/00), 13 декември 2005 г., параграф 39, и ЕСЧП, D.H. and Others v. the Czech Republic [Голем судски совет] (бр. 57325/00), 13 ноември 2007 г., параграф. 178.

## в. Факти што го прават тврдењето за постоење на дискриминација веројатно

Изнесените факти потребно е да бидат од таков формат и обем за да го сторат тврдењето дека има дискриминација веројатно. Во отсуство на воспоставен стандард за докажување, а и поради апстрактноста на нормата, може да се очекуваат предизвици при нејзината примена во практиката. Сепак, водејќи се од претходно опишаната практика на СПЕУ, „фактите што го прават тврдењето веројатно" укажува на констатацијата дека е потребна **претпоставка** за постоење на дискриминација, не и недвосмислен **заклучок**. Изнесените факти, самостојно и заеднички во целина, потребно е да предизвикаат сомнеж, претпоставка, дека во случајот постои дискриминација. Со постигнувањето на ова, товарот на докажување се префрла кај тужениот.

## г. Обврска на тужениот да докаже дека не постои дискриминација

Со преминот на товарот на докажување, тужениот е должен да понуди факти поткрепени со докази со кои ја побива претпоставката за дискриминација. Доколку тужениот не успее во тоа, односно пропушти да докаже дека не дискриминирал, судот ќе го прифати тужбеното барање и ќе утврди дискриминација. Тужениот може да ја побие претпоставката на два начина. Може да докаже дека тужителот фактички не е во слична или споредлива состојба со компараторот, или дека различниот третман не се заснова врз дискриминаторскиот основ туку врз други објективни разлики кај директната дискриминација. Доколку не ја побие претпоставката, на тужениот му останува да презентира околности кои дозволуваат различен третман и да докаже дека мерките биле објективно оправдани и сразмерни.[37] Кај индиректната дискриминација тужениот може да тврди и докажува дека не постои посочената одредба, политика или практика, дека истата не се применила над лицето кое тврди дека е дискриминирано.

**37** Прирачник за европското право за недискриминација. Агенција за фундаментални права на ЕУ, 2010. стр. 138.

## 2.2. ЗСЗД како специјален vis a vis ЗПП како генерален закон

Судската заштита од дискриминација се врши согласно општите правила на парничната постапка, освен доколку со ЗСЗД не е поинаку уредено.[38] Со други зборови, ЗПП ја дава рамката во која се остварува заштитата, додека ЗСЗД предвидува одредени посебни правила кои отстапуваат од редовната постапка поради специфичниот предмет на заштита. Товарот на докажување е еден од елементите кои се поинаку уредени со ЗСЗД. Пренесувањето на товарот на докажување претставува отстапување од општоприфатеното начело според кое секоја странка мора да ги докаже фактите врз основа на која го заснова своето барање. Ова начело е пресликано во членот 205 од ЗПП, според кој товарот на докажување паѓа на секоја од странките кои се должни да ги изнесат фактите и да предложат докази врз основа на кои го засноваат своето барање или со кои ги побиваат наодите и доказите на противникот.[39] Првото прашање кое се јавува е применливоста на ЗСЗД во парничните постапки, имајќи предвид дека поинаку го уредува товарот на докажување.

ЗСЗД е посебен закон во однос на ЗПП, со кој се воспоставува една посебна судска постапка за заштита од дискриминација. Како таков, а согласно начелото *lex specialis derogat legi generalis*, правилата во однос на пренесување на товарот за докажување се дел од корпусот правила на постапка кои судовите се должни да ги применуваат кога одлучуваат. Од друга страна, пак, ЗСЗД е закон кој се носи со просто мнозинство, додека ЗПП како системски закон се носи со двотретинско. Земајќи го предвид начелото *lex superior derogat legi inferior*, ваквото решение може (но и не мора) да предизвика проблеми во практиката, особено како дел од одговорите кон тужбата и приговорите од страна на тужените, како и по инерција земајќи предвид дека огромното мнозинство од предметите за кои се одлучува во парнична постапка се решаваат согласно општите правила на ЗПП.

**38** Член 32 став 2 од ЗСЗД.

**39** Чавдар К., Чавдар К. Коментар на Законот за парничната постапка. Академик, Скопје 2016.

Дополнителна аргументација во прилог на преовладувачката природа на начелото *lex specialis derogat legi generalis* според кое ЗСЗД како посебен закон има предност пред соодветната норма од ЗПП е аналогијата со постапките уредени со Законот за семејство.[40] Овој закон во одредбите од чл. 222 до чл. 279 предвидува специфични правила кои се однесуваат за постапки од областа на семејното право и предвидува четири посебни постапки, кои заради природата на работата, видно отстапуваат од правилата на редовната парнична постапка. Законот за семејство е закон кој се носи со просто мнозинство, па така досегашната беспоговорна примена на процесните одредби содржани со овој закон не дава никакви аргументи против примената на одредбата за преминување на товарот на докажување предвидена во ЗСЗД.

Пренесувањето на товарот за докажување не е новина која започна со ЗСЗД. Таа е присутна во Законот за работните односи,[41] како и во Законот за еднакви можности на мажите и жените.[42] Впечатливо е што формулацијата на одредбата која уредува кога преминува товарот на докажување е текстуално различна кај сите три закони, што може да придонесе за невоедначена примена и дилеми во однос на околноста во кој момент од постапката, товарот на докажување преминува од странката која што тврди дека е дискриминирана кон лицето, т.е. субјектот за кој се тврди дека ја извршил дискриминацијата.

**40** Закон за семејство, „Службен весник на РМ" бр. 80/1992.

**41** Член 11 од ЗРО.

**42** Член 36 од ЗЕММЖ.

03

# Товарот на докажување во домашната судска практика

## а. Дали судовите се повикуваат на одредбата од член 38 од ЗСЗД?

Во 48 (60 %) од пресудите судот се повикува на членот 38 од ЗСЗД од 2010 година, додека во останатите 28 (34,5 %) таа одредба воопшто не е цитирана. Во две одлуки судот се повикува на членот 11 од ЗРО. Со останатите одлуки тужбата е отфрлена или се смета за повлечена. **Според тоа, во 1/3 од судските одлуки судот не се повикува на клучната одредба која се однесува на докажувањето во постапките за заштита од дискриминација.** Со ова судовите не ја испочитувале во целост обврската содржана во чл. 327 ст. 4 од ЗПП, според која во образложението кон пресудата потребно е да се изложат *„прописите врз кои судот ја засновал пресудата"*. Отсуството на цитирање на оваа одредба беше анализирано во контекст на целокупното образложение од кое може да се заклучи дека товарот на докажување не е формално преминат во сите пресуди каде оваа одредба е испуштена, со исклучок на една, каде и покрај тоа што не е цитирана одредбата, јасно е од начинот на образложението дека товарот на докажување е пренесен.[43]

## б. Дали одредбата од чл. 38 се аргументира во образложенијата кон одлуките?

Самото цитирање не е доволно за да се заклучи дали одредбата се применува во пракса. Следен елемент од кој може да се изведе заклучок за преминување на товарот на докажување е дали судот експлицитно во образложението ја применува оваа одредба во конкретниот случај со повикување на спорната одредба и со наведување дека тужениот не докажал, односно докажал дека нема дискриминација. **Ваква аргументација беше идентификувана само во 34 (42 %) од анализираните одлуки, додека во останатите одлуки судот воопшто не се произнесува во однос на товарот на докажување.** Помалиот број одлуки во кои се аргументира товарот на докажување од одлуки во кои само се изведува одредбата, укажува на одредена формалност при наведувањето на прописите без да се навлезе во суштинска примена на пренесувањето на товарот на докажување. Обемот на образложението се ограничува на наведување дека тужениот докажа, т.е. не докажа дека не вршел дискриминација со посериозна аргументација присутна само по исклучок.

**43** Основен суд Скопје 2, П4-1091/17 од 02.09.2018.

## в. Дали при одлучувањето судот го применил правилото на преминување на товарот на докажување?

Анализата на образложенијата на пресудите води кон заклучок **дека само во 36 пресуди, помалку од половина, е префрлен товарот на докажување, при што судот при аргументацијата на одлуката јасно наведува дека тужениот докажал, т. е. не докажал дека не дискриминирал**. Ова укажува на околноста дека сѐ уште е ниска свеста за обврската за пренесување на товарот на докажување. Очигледно е дека отсуството на примена на императивна процесна одредба во повеќе од половина од анализираните одлуки е загрижувачко и укажува на потребата од застапување за соодветна и правилна примена. Добра пракса е што кај дел од пресудите експлицитно и недвосмислено судовите засноваат одлука со примена на правилата на товарот на докажување. Па така, Основниот суд Берово во пресуда од 2017 година наоѓа:

*[...] согласно погоре цитираниот чл. 38 ст. 1 од ЗСЗД, неоспорно е дека товарот на докажувањето дека немало дискриминација према тужителите паѓа на тужениот. Тужениот не постапил согласно таквите одредби, бидејќи во текот на постапката не понуди ниту еден доказ, потврда, записник или слично, како потврда на фактот дека тужителот и неговото семејство било вратено само од причина што ги немале сите неопходни документи. Исто така, од страна на тужениот не е доставен и писмен доказ кој се спомнува и од сведокот Т. С. вработен во МВР-ПС за ГК. Т најпрво дека на ден 13.10.2010 е направен некаков писмен документ-записник дека тужителите биле на граничниот премин Т. ги немале сите документи, а и според налогот кој го имале – телеграма и други напатствија за постапување во такви случаи, а таква телеграма не е понудена на судот како доказ од страна на тужениот, а е неоспорно дека на тужителите не им дозволиле да ја преминат границата,*

*биле свалени од автобусот во кој биле и други лица.*[44]

Со ваквата примена, судовите ја ублажиле рестриктивноста на одредбата од чл. 38 ст. 1 наведена претходно. Така, и Основниот суд во Битола во пресуда од 2018 г. дава образложение во однос на причините поради кои е пренесен товарот на докажување на тужениот.

*Имајќи ги предвид цитираните одредби, особено одредбата од чл. 38 ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација со која е пропишано дека товарот на докажувањето дека немало дискриминација паѓа на товар на тужениот, овој суд смета дека тужителите приложиле докази од кои е сторено веројатно дека кон нив е постапувано на дискриминаторски начин при одбивањето да им се овозможи излез од државата, а тужениот не докажал дека не постоела дискриминација, односно дејствијата на полициските службеници биле преземени на ист начин како кон сите граѓани. На тужителите од страна на службените лица вработени на тужениот на граничните премини, неосновано не им бил дозволен излез од РМ со што истите биле доведени во нееднаква положба спрема другите граѓани на РМ. Тужениот не докажа дека постоеле оправдани, со пропис пропишани причини на тужителите да не им дозволат излез од државата, а след тоа и дека во конкретниот случај немало дискриминација.*[45]

Правилата за преминување на товарот на докажување основните судови ги користат и кога настапуваат при упатства на Апелационен суд. Основниот граѓански суд во Скопје по повторно судење наоѓа:

*По однос на укажувањето од страна на Апелациониот суд дека не е јасно од каде произлегува заклучокот дека тужениот ќе го продолжел работниот однос со тужителката доколку истата не била бремена, а имајќи предвид дека договорот за вработување ѝ бил на определено време, согласно чл. 38 ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, докажувањето дека немало дискриминација паѓа на товар на спротивната страна. Во конкретниот случај тужениот не докажа на судот дека тужителката и да не била бремена*

**44** Основен суд Берово П4 бр. 2/2016 од 27.09.2017.

**45** Основен суд Битола П4 бр. 123/17 од 30.3.2018.

> *немало да ѝ го продолжи договорот за вработување, ова дотолку повеќе што кога за тужителката е донесено решение за престанок на работен однос, 6 работници засновале работен однос кај тужениот, а тужениот не достави докази дека причината за донесувањето на решение за престанок на работен однос на тужителката не е нејзината бременост.*[46]

Пресудите на апелационите судови, за жал, покрај повремено повикување на одредбата од член 38 од ЗСЗД, не навлегуваат во подетално образложение и расчленување на елементите кои би придонеле за поразвиена судска пракса во однос на ова прашање. Останува впечатокот дека недостига судска пракса од повисоките судови при толкувањето на ваквите одредби, што во оваа фаза може да е резултат и на релативно малиот број предмети, или пак на тоа што ова прашање не било издигнато на ниво на спорно од страна на странките, што пак од анализа единствено на пресудата, без увид во предметите, не би можело да се заклучи.

**46** Основен суд Скопе 2 РО-980/17 од 06.07.2017.

04

# Заклучоци

- Новиот ЗСЗД од 2019 година претставува значителен исчекор напред во унапредување на правната рамка која ја уредува заштитата од дискриминација во земјава. Прецизирањето на одредбата која го уредува товарот на докажувањето во прилог на тужителот, предвидувањето на нови доказни средства (статистичките податоци и тестирањето на ситуацијата) и предвидувањето на тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес *(actio popularis)* воспоставува правна рамка која треба да ја унапреди ефикасноста на судската заштита од дискриминација.

- Членот 37 од ЗСЗД со кој се уредува преминувањето на товарот на докажување е целосно усогласен со европските директиви за заштита од дискриминација. Сепак, текстот на оваа одредба се разликува од веќе постојните одредби со кои се уредува преминување на товарот на докажување во случаи на дискриминација во Законот за работни односи и Законот за еднакви права и еднакви можности. Различниот текст може да предизвика проблеми во практиката, особено ако се земе предвид дека дискриминацијата се јавува често во работните односи.

- Законот за парнична постапка не оневозможува непречена примена на правилото за пренесување на товарот на докажување. ЗСЗД е посебен закон, па така согласно начелото *lex specialis derogat legi generalis* одредбата од чл. 37 од ЗСЗД има предност и треба да се применува. Анализата на досегашната судска практика собрана за целите на оваа анализа не укажува на постоење на раширена практика на оспорување на применливоста на ЗСЗД во врска со товарот на докажување. Освен тоа, веќе воспоставената практика на уредување на посебни постапки за кои се одлучува во парнична постапка со посебни закони (на пр., Закон за семејство) упатува на заклучокот дека сегашната парница може да се смета за доволна рамка за примена на одредбата од чл. 37 од ЗСЗД.

- Примената на правилото за пренесување на товарот на докажување во практиката, иако се забележува добра пракса, е сè уште невоедначена. Во 2/3 од одлуките судот ја наведува одредбата од чл. 38 од ЗСЗД од 2010 г., додека во 1/3 одредбата воопшто не се споменува, што укажува на тоа дека во 1/3 од постапките судовите воопшто не ја зеле предвид како релевантна при одлучувањето во постапка за заштита од дискриминација. Во повеќе од половина од постапките

судот воопшто не се произнесува во однос на товарот на докажување, што значително го отежнува пристапот до ефективна судска постапка за заштита од дискриминација.

- Улогата на повисоките судови во воедначување на примената на правилото за пренесување на товарот на докажување е недоволна. Одлуките на повисоките судови, со одредени исклучоци, не даваат јасни насоки во однос на примената на ова правило во поединечните постапки.

- Начинот на којшто се води судската статистика и според кој се обработуваат податоците не овозможува пристап до целосни податоци за поведените судски постапки за заштита од дискриминација и нивниот исход. Ова го отежнува следењето и анализирањето на судската практика *inter alia* и во врска со префрлањето на товарот на докажување.

05

# Препораки

## За Министерството за труд и социјална политика

- При измените и дополнувањата на Законот за работни односи и Законот за еднакви можности на жените и мажите да се воедначат одредбите кои се содржани во овие закони што се однесуваат на товарот на докажување со одредбата од чл. 37 ст. 1 од ЗСЗД, а имајќи ја предвид и одредбата од чл. 51 од ЗСЗД.

## За Министерството за правда

- Во однос на ЗПП се предлагаат две опции.

> Опција 1: Да не се интервенира во одредбите од ЗПП кои се однесуваат на товарот на докажување. Заклучоците од спроведената анализа укажуваат дека постојната законска рамка за парничната постапка не ја спречува примената на правилото за пренесување на товарот на докажување поради примената на начелото *lex specialis derogat generalis.*
>
> Опција 2: Заради нормативна хармонизираност на прописите може да се дополни чл. 205 од ЗПП со упатувачка одредба според која во постапките за заштита од дискриминација ќе се применуваат одредбите од ЗСЗД.

- Да донесе измени и дополнувања на Судскиот деловник во делот кој се однесува на водењето на судската статистика, со што ќе се овозможи следење на бројот и статусот на судски предмети кои се поведени за заштита од дискриминација.

## *За Академијата за судии и јавни обвинители*

- Дополнување на програмата за почетна и постојана обука со судската пракса на СПЕУ, ЕСЧП, како и правото на ЕУ во однос на товарот на докажување во постапките за заштита од дискриминација.

## *За Врховниот суд на РСМ*

- Во рамките на своите надлежности согласно Законот за судови, да преземе соодветни мерки за воедначена примена на правилото за пренесување на товарот на докажување во судски постапки за заштита од дискриминација.

## *За граѓанските организации и стручните здруженија*

- Да се организираат обуки за правни практичари и практичарки за судската пракса на СПЕУ и на ЕСЧП, како и за правото на ЕУ во однос на товарот на докажување во постапките за заштита од дискриминација.

# Анекс бр. 1:

## Истражувачки методи

При изработката на овој документ беше спроведено истражување кое за предмет го имаше товарот на докажување во постапките за судска заштита од дискриминација. Попрецизно, правната рамка која го уредува товарот на докажување од една страна, и примената во пракса од друга страна. Истражувањето беше насочено кон давање одговор на следниве две истражувачки прашања:

> Дали, во колкава мера и на кој начин одредбите од ЗПП како системски закон со кој се уредува парничната постапка, овозможуваат непосредна примена на одредбата од член 37 став 1 од ЗСЗД од 2019 г., со која се уредува товарот на докажување во постапки за заштита од дискриминација во согласност со стандардите на ЕУ во ова поле?
>
> Дали, во колкава мера и на кој начин во досегашната судска пракса, која се однесува на постапки за заштита од дискриминација, се применувало правилото за пренесување на товарот на докажување предвидено со ЗСЗД од 2010 година? На кои одредби и со кое образложение се повикуваат судовите при оцена на изведените докази и утврдување на фактичката состојба?

Преку канцелариско истражување беа прибрани релевантните прописи, како на национално така и на ниво на ЕУ, како и расположлива и релевантна литература која се однесува на прашањето што е предмет на ова истражување.[47] Прибирањето на примарни податоци се спроведе преку поднесување на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до сите судови. Со барањата беа побарани статистички податоци за бројот на започнати постапки по основ ***дискриминација/нееднаков третман/повреда на право на еднаквост,*** како и примерок од донесените одлуки во периодот од 2011 до 2019 година.

Сепак, поради начинот на којшто се води и управува со судската статистика, пристапот до целосни податоци е ограничен. Како дополнување и верификација на податоците, беше извршено пребарување на порталот *www.sud.mk* каде се објавуваат пресудите со користење на клучен збор „дискриминација".

Според пристигнатите податоци, за истражуваниот период биле иницирани вкупно 156 судски постапки пред судовите, 81 првостепени и 61 второстепена одлука. Податоци за исхо-

**47** Библиографијата е содржана во анекс кон овој документ.

дот од постапките во статистички обработлива форма не беа доставени. Според прибраните податоци, најголем број (92) се започнати пред Основниот граѓански суд во Скопје, по што следуваат судот во Битола со 48 постапки, Берово со 5, Штип со 4, Ресен со 2 и Струга, Радовиш и Кратово со по 1 постапка. Од анализираните 81 првостепени пресуди, најголемиот дел се однесуваат на дискриминација по етничка припадност (51), по што следуваат здравствена состојба (4), пол (4), личен или општествен статус (4), попреченост (3), и по една поради возраст и политичка припадност. Во 7 постапки не е наведен дискриминаторскиот основ. Најголемиот дел од анализираните пресуди се однесуваат на расното профилирање на Ромите на граничните премини од страна на МВР. Во 22 одлуки се работи за спорови од работен однос, додека останатите се редовни парнични постапки.

Во 4 од донесените пресуди е усвоено тужбеното барање, во 48 е делумно усвоено, во 24 е одбиено, додека во останатите случаи се отфрла тужбата или се констатира повлекување на тужбата. Карактеристично е што на дискриминација честопати се повикуваат тужителите во постапките од работен однос, без притоа да наведат дискриминаторска основа. Овие постапки произлегуваат, пред сѐ, од спорови поврзани со остварување на права од работен однос и мошне често со мобинг, каде доминира повредата на правото, а не повредата на правото на еднаквост.

Од пристигнатите податоци се забележува сериозен проблем при документирањето и водењето на евиденција од причина што од поголем дел на судови беа доставени информации дека немаат постапувано по овој вид на постапки, иако од увидот на порталот www.sud.mk неоспорно произлегува дека има. Па, така, ова се наметна и како ограничување на истражувачката методологија.

Анализата на податоците се спроведе преку преглед на литературата и прописите на ЕУ кои се однесуваат на европските стандарди, додека кај домашните прописи се користеа дескриптивниот и компаративниот метод. Судските одлуки беа анализирани со користење на рамка од следниве индикатори:

**Основни класифицирачки индикатори:**

- *Дискриминаторски основ;*
- *Краток опис на фактите на случајот;*
- *Донесена одлука.*

**Индикатори за товарот на докажување:**

- Дали судот во образложението кон пресудата се повикува на чл. 38 од ЗСЗД (или алтернативно на чл. 11 од ЗРО доколку се работи за дискриминација во работни односи) во смисла на чл. 327 ст. 4 од ЗПП, според кој судот мора да ги изложи прописите врз чија основа ја заснова пресудата;
- Дали и на кој начин судот дава образложение и толкување на чл. 38 од ЗСЗД (или алтернативно на чл. 11 од ЗРО доколку се работи за дискриминација во работни односи);
- Дали, врз основа на сеопфатните докази и наводи содржани во образложението кон пресудата, може да се заклучи дека судот го префрлил товарот на докажувањето. Доколку судот не го префрлил товарот на докажување, дали дал појаснување, и ако дал, кое појаснување го дал за да го оправда ваквиот потег?

# Анекс бр. 2:

# Листа на анализирани домашни судски одлуки

| Основен суд | Број на одлука | Датум на одлука |
|---|---|---|
| Берово | П4 бр. 26/2015 | 17.09.2015 |
| Берово | П4 2/16 | 27.9.2017 |
| Берово | П4 14/16 | 02.11.2016 |
| Битола | П4 202/16 | 25.04.2017 |
| Битола | П4 35/17 | 10.10.2017 |
| Битола | П4 46/17 | 14.09.2017 |
| Битола | П4 50/17 | 14.07.2017 |
| Битола | П4-58/17 | 30.03.2018 |
| Битола | П4-64/17 | 19.12.2017 |
| Битола | П4 66/17 | 01.12.2017 |
| Битола | П4 82/17 | 20.10.2017 |
| Битола | П4 87/17 | 07.02.2017 |
| Битола | П4 97/17 | 30.03.2018 |
| Битола | П4 107/17 | 26.10.2017 |
| Битола | П4 110/17 | 26.10.2017 |
| Битола | П4 113/17 | 22.11.2017 |

| Основен суд | Број на одлука | Датум на одлука |
|---|---|---|
| Битола | П4 35/18 | 02.10.2018 |
| Битола | П4 45/18 | 14.09.2018 |
| Битола | П4 50/18 | 11.06.2018 |
| Битола | П4 51/18 | 11.06.2018 |
| Битола | П4 67/18 | 15.03.2019 |
| Битола | П4 76/18 | 26.11.2018 |
| Битола | П4 82/18 | 16.10.2018 |
| Битола | П4 97/18 | 16.11.2018 |
| Битола | П4 16/19 | 11.07.2019 |
| Дебар | РО 23/13 | 13.05.2014 |
| Дебар | РО 1/15 | 20.02.2015 |
| Кратово | П4-13/15 | 11.02.2016 |
| Радовиш | РО 51/18 | 30.10.2019 |
| Ресен | П4 29/17 | 17.11.2017 |
| Ресен | П4 7/18 | 09.05.2018 |
| Штип | Ро.449/13 | 17.02.2014 |

| Основен суд | Број на одлука | Датум на одлука |
|---|---|---|
| Битола | П4 114/17 | 05.02.2018 |
| Битола | П4 121/17 | 29.10.2017 |
| Битола | П4 122/17 | 22.11.2017 |
| Битола | П4 123/17 | 30.03.2018 |
| Битола | П4 130/17 | 07.09.2018 |
| Битола | П4 159/17 | 09.02.2018 |
| Битола | П4 187/17 | 22.03.2018 |
| Битола | П4 205/17 | 30.01.2019 |
| Битола | П4 1/18 | 16.05.2018 |
| Битола | П4 2/18 | 09.07.2018 |
| Битола | П4 3/18 | 10.04.2018 |
| Битола | П4 9/18 | 07.05.2018 |
| Скопје | П4.бр.730/15 | 10.11.2016 |
| Скопје | РО-531/13 | 12.02.2014 |
| Скопје | П4.бр.64/17 | 21.11.2018 |
| Скопје | РО-178/17 | 03.05.2017 |

| Основен суд | Број на одлука | Датум на одлука |
|---|---|---|
| Штип | Ро. 410/18 | 23.11.2018 |
| Скопје | 11 П4 1046/15 | 30.05.2017 |
| Скопје | П4 641/17 | 01.11.2017 |
| Скопје | РО-974/14 | 02.07.2015 |
| Скопје | РО-980/17 | 06.07.2017 |
| Скопје | РО-956/17 | 13.02.2018 |
| Скопје | П4-453/17 | 17.07.2017 |
| Скопје | П4-1424/15 | 25.04.2016 |
| Скопје | РО-472/15 | 03.07.2015 |
| Скопје | РО.бр.143/14 | 19.03.2014 |
| Скопје | РО-469/14 | 30.09.2014 |
| Скопје | РО-1076/14 | 06.05.2015 |
| Скопје | П4-709/15 | 28.10.2018 |
| Скопје | РО-1121/16 | 26.04.2017 |
| Скопје | П4-171/15 | 17.03.2016 |
| Скопје | П4-171-15 | 05.01.2017 |

| Основен суд | Број на одлука | Датум на одлука |
|---|---|---|
| Скопје | П4-1277/14 | 24.12.2014 |
| Скопје | РО-1305/14 | 01.07.2017 |
| Скопје | П4.бр.625/17 | 19.04.2018 |
| Скопје | РО-1969/17 | 05.03.2018 |
| Скопје | РО-618/15 | 03.03.2016 |
| Скопје | РО-904/15 | 18.12.2015 |
| Скопје | РО-1007/12 | 10.4.2014 |

| Основен суд | Број на одлука | Датум на одлука |
|---|---|---|
| Скопје | П4-1228/13 | 4/11/2014 |
| Скопје | П4.бр.625/17 | 4/19/2018 |
| Скопје | РО-971/14 | 6/16/2016 |
| Скопје | П4-1318/15 | 5/9/2016 |
| Скопје | П4-932/17 | 3/28/2018 |
| Скопје | П4-1091/17 | 2/9/2018 |
| Скопје | П4.бр.1088/15 | 3/9/2017 |

# Библиографија


## Домашни прописи

Закон за спречување и заштита од дискриминација од 2019, „Службен весник на РСМ" бр. 101/2019.

Закон за спречување и заштита од дискриминација од 2010, „Службен весник на РМ" бр. 50/10 и подоцнежните измени и дополнувања.

Закон за парничната постапка, „Службен весник на РМ" бр. 79/05 и подоцнежните измени и дополнувања.

Закон за работните односи, „Службен весник на РМ" бр. 62/05 и подоцнежните измени и дополнувања.

Закон за еднакви можности на мажите и жените, „Службен весник на РМ" бр. 6/12 и подоцнежните измени и дополнувања.

Закон за семејство, „Службен весник на РМ" бр. 80/1992 и подоцнежни измени и дополнувања.

## Право на ЕУ

Council Directive 2000/43/EC of 29 June 2000 implementing the principle of equal treatment between persons irrespective of racial or ethnic origin, [2000] OJ L 180/22.

Council Directive 2000/78/EC of 27 November 2000 establishing a general framework for equal treatment in employment and occupation, [2000] OJ L 303/16.

Council Directive 2004/113/EC of 13 December 2004 implementing the principle of equal treatment between men and women in the access to and supply of goods and services, [2004] OJ L 373/37.

Directive 2006/54/EC of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the implementation of the principle of equal opportunities and equal treatment of men and women in matters of employment and occupation (recast), [2006] OJ L 204/23.

C-127/92 Enderby v Frenchay Health Authority 1993 ECR I-05535.

C-109/88 Danfoss [1989] ECR I-3199.

C-54/07 Centrum voor gelijkheid van kansen en voor racismebestrijding v Firma Feryn NV.

C-81/12 Asociația Accept v Consiliul Național pentru Combaterea Discriminării.

C-83/14 CHEZ Razpredelenie Bulgaria AD v Komisia za zashtita ot diskriminatsia.

C-381/99 Brunnhofer v Bank der osterreichischen Postsparkasse AG [2001] ECR I-4961.

C-415/10 Meister v Speech Design Carrier Systems GmbH.

C-394/11 Belov v CHEZ Elektro Balgaria AG [2013] 2 CMLR 29.

C-170/84 Bilka-Kaufhaus GmbH v Weber von Hartz [1986] ECR 1607.

C-167/97 R v Secretary of State for Employment ex parte Seymour Smith and Perez [1999] ECR I-62335 judgment.

## Литература:

European Union Agency for Fundamental Rights. *Handbook on European non-discrimination law.* 2010.

Ellis, E.; Watson, P., EU Anti-Discrimination Law, 2nd ed., Oxford University Press, Oxford, 2012.

Цаца Н. М., Коцо В., Филипов С., *Анализа на недостатоците во Законот за спречување и заштита од дискриминација.* Институт за човекови права. Скопје, 2014.

Farkas L., O'Farrell O., *Reversing the burden of proof Practical dilemmas at the European and national level – Study.* Directorate-General for Justice and Consumers (European Commission), European Network of Legal Experts in the Non-Discrimination Field. 2015.

Јаневски А., Зороска К. Т., *Граѓанско процесно право, книга прва Парнично право.* Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2009.

Beale A., Proving Discrimination: *The Shift of the Burden of Proof and Access to Evidence*. Cloisters. 2018.

Чавдар К., Чавдар К., *Коментар на Законот за парничната постапка.* Академик, Скопје 2016.

Tsatsa N.M, Georgievski A., Mihajlova E., *Legal Protection Against Discrimination in South East Europe – National report for Macedonia.* SEELS. 2016.

Farkas, L., *How to present a discrimination claim: Handbook on seeking remedies under the EU non-discrimination directives,* 2011.

